Проектот е финансиран од страна на Европската Унија

# ПРИРАЧНИК ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ФАРМЕРИТЕ

Издавач: Проагро Фармери Струмица

Автор:

Борче Јанев

Брошурата е изработена од страна на здружението Проагро Фармери Струмица и е дел од проектот "Жената фармер-лидер и пример за младите". Овој проект е дел од шемата за суб-грантирање на Платформа за инвестиции во заедницата-ПИЗ, проект имплементиран од страна на Фондација Албиз со финансиска подршка од Европската Унија.

Содржината на оваа брошура е единствена одговорност на Проагро Фармери и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на донаторот.

# СОДРЖИНА

1. МЕРКА 115 - Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство .. 4
1.1 КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА ........................................................................ 4
1.2 ВИСИНА НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА .................................................. 4
1.3 НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ........................................................................ 5
1.4 ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ........................................... 5
1.5 ПОДОБНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ....................................... 6
1.6 ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ.......................................................................... 6
2. МЕРКА 112 – ПОМОШ НА МЛАДИ ЗЕМЈОДЕЛЦИ ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ ........................................................................................ 8
2.1 ОПИС НА МЕРКАТА.................................................................................... 8
2.2 Потребни документи: .................................................................................. 8
2.3 МАШИНИ И ОПРЕМА ЗА ПОСТБЕРБЕНИ АКТИВНОСТИ ........................ 9
2.4 Потребни бодови.......................................................................................... 9
3. ИПАРД ..........................................................................................................11
3.1 Мерка 1 – Инвестиции во материјални средства на земјоделските стопанства. ...........................................................................................11
3.2 Мерка 3: ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА ЗА ПРЕРАБОТКА И МАРКЕТИНГ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И РИБНИ ПРОИЗВОДИ .............................18
3.3 Мерка 7- Диверзификација на фармите и развој на бизниси ....................20

## 1. МЕРКА 115 - Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство

Целта на мерката „Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство" е подобрување на целокупните резултати од работењето на земјоделското стопанство и достигнување на повисоки стандарди од минималните утврдени со законите од областа на земјоделството или новововедени стандарди од областа на земјоделството.

Инвестициите согласно оваа мерка се наменети за зголемување на ефикасноста на производството преку намалени трошоци за земјоделско производство, подобрување на квалитетот на земјоделско производство и достигнување на повисоки стандарди од минималните стандарди утврдени со закон.

### *1.1 КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА*

На повикот може да аплицираат земјоделски стопанства чии носители се **жени**, и тоа:

- физичко лице – **индивидуален земјоделец** со живеалиште во рурална средина;
- правно лице – **трговско друштво** или **трговец поединец** со седиште во рурална средина.

Барателите треба да го ажурираат статусот и податоците на земјоделското стопанство во Единствениот регистар во земјоделски стопанства и истото можат да го направат во Подрачната Единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

### *1.2 ВИСИНА НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

Преку овој повик се доделуваат **неповратни финансиски средства** во максимален износ од **360.000 денари**.

Висината на поддршката е **до 100%** од прифатливите трошоци.

## *1.3 НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ*

Апликантот треба да поднесе **барање** до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) заедно со **деловен план** и **останата документација** пропишана во деталното упатство објавено со јавниот повик.
Креираното електронско барање се презема, печати и потпишува од страна на Барателот и заедно со сите пропратни документи соодветно на типот на инвестиција се доставува до Агенцијата во затворен плик на кој на горниот лев агол да пишува **„Барање за финансиска поддршка, Арх. Бр. на Барањето (0719-11516-XXXX/1)“** на следната адреса:

**АФПЗРР**
**ул. „3-та Македонска бригада” бб**
**зграда на Македонија Табак блок Ц**
**1000 Скопје, Република Северна Македонија**

Барањето може да се достави и лично на рака во писарницата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), на истата адреса секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот.

## *1.4 ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ*

1. **Барање** за финансиска поддршка генерирано преку системот за електронско поднесување на барање на e-baranje.ipardpa.gov.mk за **мерка 115** (барањето треба да се испечати и да биде своерачно потпишано од страна на поднесувачот на барањето)
2. **Понуди/профактури** со детална техничка спецификација за производите за кои се бара финансиска поддршка (оригинал со потпис и печат). Понудите од странство треба да бидат преведени на Македонски јазик заверени од овластен судски преведувач)
3. **Деловен план** – изготвен согласно Упатството за изготвување на деловен план

4. **Решение за упис** во Единствениот регистар на земјоделски стопанства
5. **Годишна даночна пријава** (УЈП)
6. **Потврда од Министерство за труд и социјална политика за социјален статус – самохран родител**
7. **Потврда од Фондот за инвалидско и пензиско осигурување** за лица регистрирани како индивидуален земјоделец согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување

## *1.5 ПОДОБНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ*

Во рамки на овој повик се прифатливи инвестиции во следните сектори:

- Овоштарство и лозарство;
- Поледелство;
- Градинарство и цвеќарство;
- Сточарство
- Лековити и зачински растенија.

Почеток на реализација на инвестициите е по потпишување на договорот.

## *1.6 ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ*

Прифатливи трошоци за финансирање се:

- Набавка на опрема за преработка и/или доработка на примарни земјоделски производи поврзани со видот на инвестицијата;
- Набавка на опрема за постбербени активности, преработка на фарма и директен маркетинг на фарма;
- Опрема за прием, собирање и чување;
- Опрема за подготовка за сортирање, чистење, миење, сушење и дезинфекција;
- Обложување со восок, сортирање, калибрирање, отстранување на оштетени плодови, детектирање на метал и стакло или други цврсти материјали;

- Опрема за предладење, ладење и замрзнување;
- Опрема за сечење, мелење и останата опрема за преработка;
- Опрема за филтрација, де-аерација, ферментација, стабилизација, сепарација, хомогенизација, пастеризација и стерилизација;
- Резервоари танкови;
- Опрема за конзервирање, сушење, десикација, замрзнување;
- Опрема за флаширање, полнење, пакување и означување/етикетирање;
- Зашеметување, искрварување, опрема за горење и опрема за отстранување на внатрешни органи;
- Опрема за сечење и откостување;
- Лабораториска опрема и апарати за анализа на производот;
- Опрема за манипулација, утовар и истовар, виљушкари , транспорт–приколки, ладилници палети, приклучни возила за ладење, подвижни ленти, опрема за мерење и квалитет;
- Опрема за следење на квалитетот, контрола системи со следливост на прием на производ, складирање и дистрибуција;
- Третман на отпад, валоризација, опрема за ракување и складирање;
- CIP опрема (Clean In Place);
- Опрема за подобрување на стандардите за благосостојба на животните, како што се редовен пристап за обезбедување на свежа вода, храна, сместување на животните пред колење;
- Оперативни трошоци за маркетинг на преработки од примарни земјоделски производи;
- Набавка на потрошен материјал поврзан со инвестицијата и кој е создаден во рамките на реализација на деловниот план (амбалажа, печатени материјали, изработка на логоа, декларација и сл.)

Трошоците од инвестицијата не смее да се финансирани од друг извор на финансирање (забрана за двојно финансирање).

## 2. МЕРКА 112 – ПОМОШ НА МЛАДИ ЗЕМЈОДЕЛЦИ ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ –

неповратни 600 000 денари.

### *2.1 ОПИС НА МЕРКАТА*

Поддршката за започнување со земјоделска дејност се доделува на млад земјоделец кој за прв пат започнува да се занимава со земјоделска дејност преку преземање на постоечко земјоделско стопанство или со воспоставување на ново земјоделско стопанство.

**Апликантот треба да ги исполнува следните услови**:

- Од 18-40 години старост на апликантот на денот на аплицирање
- Да не е пријавен повеќе од 18 месеци во ЕРЗС при МЗШВ (значи нови земјоделци)
- Да е регистиран замјоделец ( Согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување **или** Законот за вршење на земјоделска дејност)
- Да има минимум 60 бода согласно табелата за бодирање за да биде разгледуван.

### *2.2 Потребни документи:*

- Електронско барање
- Понуда (профактура) со спецификацијата
- Деловен план
- Диплома од средно замјоделско училиште или Сертификат за завршена обука за земјоделска дејност. (или обуката да биде предвидена во Деловниот план)
- Потврда или Решение  од Фондот за ПИОМ дека е земјоделец.
- Имотен лист за недвижниот имот (договор за закуп).

Може да се аплицира за:

- Опрема за постбербени активности во растителното производство
- Опрема за преработки од  животинско производство (и пчеларство влегува тука)

Максимална поддржана сума 600 000, денари.

### 2.3 МАШИНИ И ОПРЕМА ЗА ПОСТБЕРБЕНИ АКТИВНОСТИ

- Опрема за подготовка за сортирање, саламурење, чистење, миење, сушење, дезинфекција, премачкување со восок, класирање, отстранување на оштетени плодови, детектирање на метал и стакло или други цврсти материјали.
- Опрема за хигиенски и санитарни услови вклучително и за работниците и хигиенска и санитарна опрема за чистење на машините и опремата
- Опрема за разладување, ладење и замрзнување.
- Опрема за пакување и етикетирање
- Опрема и машини за манипулација, товарање и растоварање, вилушкари, системи на подвижна лента, опрема за мерење на тежина.
- Опрема за систем за следење на квалитетот, контрола и системи за следење на прием, складирање и дистрибуција.
- Компјутерска опрема и софтвер вклучително сензори (поврзани само со прифатливата опрема и за постбербени активности).

### 2.4 Потребни бодови

**Потребно да се обезбедат 60 бода од можни 100.**

1.Доколку целта на инвестицијата е набавка на опрема за после бербени активности во растително производство; 10 бода

2.Доколку целта на инвестицијата е набавка на опрема за преработка на земјоделски производи и производи од животинско потекло; 10бода

3.Доколку активностите од деловниот план се одвиваат во ридско-планински подрачја; 10бода

4.Доколку корисникот се занимава или планира да се занимава со сточарство; 10бода

5. Доколку корисникот е член на земјоделска задруга 15бода

6.Доколку корисникот е индивидуален земјоделец – носител на земјоделско стопанство и регистриран вршител на земјоделска дејност согласно Закон за вршење на земјоделска дејност или носител на семејно земјоделско стопанство кој се стекнал со статус на

осигуреник согласно Закон за пензиско и инвалитско осигурување 35бода

7. Доколку корисникот е во плански регион, според стапенот на развиеност на регионот:

– Скопски регион 1бод

– Југоисточен регион 2бода

– Источен регион 3бода

– Пелагониски регион 4бода

– Вардарски регион 5бода

– Југозападен регион 6бода

– Полошки регион 8 бода

– Североисточен регион 10 бода

# 3. ИПАРД

# ИПАРД СРЕДСТВА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА И ЗАДРУГИ

## *3.1 Мерка 1 – Инвестиции во материјални средства на земјоделските стопанства.*

### 3.1.1 КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА

**Земјоделско стопанство**

- Физичко лице (носител на семејно земјоделско стопанство);
- Индивидуален земјоделец – ИЗ;
- Правно лице носител на земјоделско стопанство регистрирано во Централниот регистар во согласност со Законот за трговски друштва како микро, мало или средно претпријатие
- Здружени правни лица
- Задруги

### 3.1.2 ПРИОРИТЕТНИ СЕКТОРИ

1. **Секторот за растително производство**: житни култури, индустриски и фуражни култури, зеленчук (вклучувајќи компир, јагоди), повеќегодишни култури (овоштарници, вклучувајќи трпезно грозје и маслинови дрвја, лозови насади, др.

2. **Сектор сточарство:** говеда (за: млечно говедарство, гоење), свињи (за: репродукција, гоење), овци и кози (за: млечно овчарство, козарство, гоење), живина (кокошки несилки, пилиња одгледувани за производство на месо – бројлери), друг добиток.

3. **Сектор рибарство:** фарми за аквакултура за слатководни риби.

4. **Преработка и директен маркетинг на сопственото земјоделско производство на фарма:** Млеко и млечни производи, Јајца, месо и производи од месо; Овошје и зеленчук, вклучувајќи компири и мешункасти култури; жита, мелничарски производи и скроб; Растителни и животински масла и масти; Шира, сок од грозје, вино, други ферментирани пијалоци, алкохолни пијалоци и оцет; Риба и производи од риба; Производство на храна за добиток и фуражни култури.

5. **Производство на енергија од обновливи извори за сопствена потрошувачка,** преку преработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса за производство на биогас и/или биогорива, користење на сончева енергија ветерници, геотермална енергија итн.

## 3.1.3 ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ СО КОИ ТРЕБА ДА РАСПОЛАГА БАРАТЕЛОТ

**Растително производство**

- најмалку 0,2 хектари земјоделско земјиште во случај на инвестиции поврзани со безпочвено одгледување и други иновативни системи за производство;
- најмалку 0,3 хектари земјоделско земјиште во случај на инвестиции поврзани со оранжерии;
- најмалку 1 ха земјоделско земјиште во случај на инвестиции поврзани со повеќегодишни култури, градинарско производство на отворено, житни култури индустриски култури и фуражни култури;

**Сточарско производство**

- **5 крави/12 телиња** за инвестиции во **говедарство;**
- **15 овци/кози** за инвестиции во **овчарство/козарство;**
- **16 маторици/300 прасиња** за инвестиции во **свињарство**;
- **1 400 бројлери/700 несилки** за инвестиции во **живинарство** (со исклучок на патки, гуски, мисирки, фазани, ноеви, ему и бисерки).

*Кај сточарското производство бараниот капацитет треба да биде достигнат на крајот на инвестицијата.*

## 3.1.4 ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ:

• Изградба или реконструкција на објекти и друг недвижен имот на земјоделското стопанство (како што се објекти за одгледување на добиток, складирање на храна, итн) ;

• Набавка и/или инсталирање на нови машини/опрема за подобрување на стандардите на благосостојбата на животните (постојан пристап до свежа вода, исхрана, сместување и размножување, чистење на арското ѓубре, одмор на отворен простор итн.);

• Набавка и/или инсталирање на нови машини/опрема за заштита на животната средина (енергетска ефикасност, контролирани климатски услови, справување и складирање на арско ѓубре, отпад и третман на нус-производи, третман на вода, итн.), вклучувајќи и ублажување на последиците од климатските промени (заштитни покривки, сенки и сл), вклучувајќи и обезбедување на електрична енергија и/или греење со користење на обновливи ресурси за да се задоволат потребите на земјоделското стопанство за сопствените активности на земјоделското производство;

• Набавка на специјализирани транспортни приколки и возила, како што се земјоделски приколки, резервоари за млеко, транспортни разладни резервоари за превоз на производството, транспорт на живи животни и живина, специјализирана опрема за транспорт на арско ѓубре, транспорт на опрема за биомаса и сл.;

• Развој на инфраструктура на земјоделско стопанство, вклучувајќи изградба и реконструкција на патиштата и патеките на земјоделското стопанство, инсталации за снабдување со електрична енергија, водоснабдување и канализациони системи, одводнување (дренажа), артески бунари, оградување, итн. и други подобрувања на надворешниот простор од имотот на корисникот за задоволување на потребите на земјоделското стопанство за своите земјоделски активности.

### 3.1.5 Листа на прифатливи трошоци

**Набавка на машини и опрема за преработка на земјоделски производи од следните сектори**:

– Овошје и зеленчук, вклучувајќи и компири, печурки и мешункасти култури;

– Житни, мелнички и скробни производи;

– Растителни и животински масла и масти;

– Шира од грозје, вино и оцет;

– Млеко и млечни производи;

– Месо и производи од месо (вклучувајќи јајца и живина) – Опрема за обработка – од суровина до готов производ

• Опрема за прием, собирање и чување.

• Опрема за подготовка за сортирање, чистење, миење, сушење, дезинфекција, обложување со восок, сортирање, калибрирање, отстранување на оштетени плодови, детектирање на метал и стакло или други цврсти материјали.

• Опрема за пред-ладење, ладење и замрзнување.

• Опрема за сечење, мелење и останата опрема за подготовка пред преработка.

• Опрема за филтрација, де-аерација, ферментација, стабилизација, сепарација, хомогенизација, пастеризација и стерилизација.

• Резервоари, танкови.

• Опрема за конзервирање, сушење, десикација , замрзнување.

• Опрема за полнење, пакување и означување/етикетирање.

• Зашеметување, искрварување, опрема за горење и опрема за отстранување на внатрешни органи. • Опрема за сечење и откостување.

• Лабораториска опрема и апарати за анализа на производот.

• Опрема за манипулација, утовар и истовар, виљушкари, транспорт-приколки, ладилници, палети, приклучни возила за ладење, подвижни ленти, опрема за мерење и квалитет.

• Опрема за следење на квалитетот, контрола системи со следливост на прием на производ, складирање и дистрибуција.

• Третман на отпад, валоризација, опрема за ракување и складирање.

• CIP опрема ( “clean in place”).

• Опрема за подобрување на стандардите за благосостојба на животните, како што се обезбедување на редовен пристап до свежа вода, храна, сместување на животните пред колење, расчистување на ѓубре итн.

**Набавка на опрема за производство на енергија од обновливи извори**:

• Опрема за производство на енергија преку:

– преработка на растителни производи за производство на биогас и / или биогорива

– соларна енергија

– ветерници итн.

**Градежни материјали и елементи за изградба на нови објекти или реконструкција и подобрување на постоечки објекти (згради и инфраструктура за целосно функционален капацитет):**

– за инсталирање / одржување на прифатливата опрема

– за постигнување на стандардите за животната средина

– за обезбедување на хигиенски и санитарни услови

– да се обезбеди административен простор

– помошни објекти (складирање, гаража итн)

– пристап, уредување и оградување

**Работи и услуги:**

• Сите потребни работи и услуги поврзани со реализацијата на инвестицискиот проект:

– подготовка на терен

– градежни работи

– реконструкција

– инсталација

**<u>Набавка на специјализирани земјоделски транспорт приколки и возила:</u>**

Танкери за млеко, приколки за ладење, приколки за транспорт на живи животни и живина, опрема за транспорт на биомаса итн (доколку е поврзано со производството)

**<u>Компјутерска опрема:</u>**

• Компјутерска опрема и софтвер, вклучително и сензори (само доколку се повзани со прифатливата опрема и со производствената активност)

**<u>Општи трошоци:</u>**

• Подготовка на техничката документација, планови за изградба и придружни студии, пресметка на трошоците, на пазарот и маркетинг анализа, изработка на оцена за заштита на животната средина, управување со проекти:

− архитекти

− инженери

− консултанти

• Стекнување на патентни права и лиценци

• Системи за управување со:

− ISO

− Подготовка за имплементација на HACCP

− GMP (Добра производна пракса)

• Публицитет и информативни материјали:

− билборди

− плакети

− налепници

### 3.1.6 СОПСТВЕНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕ

За земјиштето и/или објектите кои се предмет на инвестицијата барателот треба да докаже:

- Сопственост;
- Договор за закуп (најмалку 7 години од денот на поднесување на барањето).

### 3.1.7 ВИСИНА НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

Висината на финансиската поддршка изнесува **60%** од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата.

Висината на финансиската поддршка ќе се зголеми до:

- **65%** за инвестиции во земјоделски стопанства во п**ланинските области**
- **70%** за инвестиции во земјоделски стопанства направени од страна на млади земјоделци кои имаат помалку од 40 години.

Финансиската поддршка ќе се зголеми за **10%** за:

- Инвестиции кои се однесуваат на системи складирање и управување со арско ѓубре;
- Инвестиции за подобрување на ефикасноста од употребата на азотни ѓубрива и сл;
- Инвестиции во објекти/опрема, чија цел е подобрување на енергетската ефикасност;
- Инвестиции во објекти/опрема за производство на био-енергија;

- Инвестиции во објекти/опрема за производство на енергија од другите обновливи извори за задоволување на сопствените потреби за енергија на земјоделско стопанство;
- Инвестиции во објекти/опрема за третман на отпадни води/канализација.

Максималната вкупна финансиска поддршка што се доделува на корисник според оваа мерка изнесува 1.500.000 евра за целиот период на спроведување на Програмата. Максималната финансиска поддршка што може да се додели на новоосновани правни лица (правно лице што не поднело годишна даночна пријава за последната фискална година што претходела на годината на јавниот повик) во рамките на оваа мерка е 100.000евра. Максималната вкупна финансиска поддршка што може да се додели на поединечен проект во рамките на оваа мерка е 750.000 евра.

Еден корисник можат да поднесе повеќе проекти според оваа мерка во периодот на спроведување на Програмата, под услов да не се надмине максималната финансиска поддршка и да е поднесено конечно барање за исплата за претходниот проект.

Парите од ИПАРД Програмата се добиваат откако ќе се заврши инвестицијата, финансирана од сопствени или банкарски средства. Претходно треба да се склучи договор со ИПАРД Агенцијата, а инвестицијата за која сте поднеле барање не смее да биде започната. Добивате неповратни средствата кои нема да ја надминат границата од 60% од одобрените трошоци.

Договорот за следниот проект се потпишува откако реализираниот проект ќе се одобри (овласти) за исплата.

## *3.2 Мерка 3: ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА ЗА ПРЕРАБОТКА И МАРКЕТИНГ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И РИБНИ ПРОИЗВОДИ*.

### 3.2.1 КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ КОРИСНИК

1. **Правни лица** (трговски друштва во рангот на микро, мали, средни

претпријатија до 250
вработени и годишен обрт до 50 милиони евра.)

2. **Задруги**
Претпријатија кои не се опфатени со дефиницијата за микро и средни, но кои вработуваат помалку од 750 вработени и кои имаат годишен обрт кој не надминува 200 мил. €, може да бидат прифатливи како корисници, но во овој случај поддршката може да се додели за инвестиции посебно наменети да го надградат целиот систем во согласност со релевантните стандарди на ЕУ.

### 3.2.2 ПРИОРИТЕТНИ СЕКТОРИ

-Преработка на млеко и млечни производи;
-Преработка на месо и месни производи (вклучувајќи јајца и живина);
-Преработка на овошје и зеленчук

- Преработка на житарици, мелнички производи и скроб;
– Растителни и животински масти и масла;
– Шира, вино и оцет;
– Производство на енергија со преработка на примарна биомаса од растително и животинско потекло, со исклучок на биомаса од рибни производи.

### 3.2.3 ВИСИНА НА ПОДДРШКАТА

- Минималните вкупни прифатливи расходи на инвестицискиот проект изнесува 50.000 евра.
- Максималната вкупна финансиска поддршка што треба да се додели на поединечен проект според оваа мерка е 50% или не повеќе од 1.500.000 евра.
- Максималната вкупна финансиска поддршка за еден прималец според оваа мерка не смее да надмине 3.000.000 евра за целиот период на спроведување на Програмата.
- Максималната финансиска поддршка што треба да се додели на новоформирани правни лица (правно лице кое нема поднесено годишен даночен извештај за последната фискална година што ѝ

претходи на годината на јавен повик) по оваа мерка изнесува 100.000 евра.

НАПОМЕНА ЗА СИТЕ МЕРКИ: Земјиштето на кое се планираат инвестициите треба да е во сопственост на апликантот или да е земено под закуп или концесија на најмалку 7 (седум) години од денот на аплицирање.

### *3.3 Мерка 7- Диверзификација на фармите и развој на бизниси*, можат да бидат:

**– Физички лица:**

- Лице регистрирано во Единствениот регистар на Семејни земјоделски стопанства
- Регистриран индивидуален земјоделец
- Физичко лице регистрирано како: занаетчија, угостител, трговец поединец

**– Правни лица (микро и мали претпријатија):**

- Правни лица регистрирани во Централен регистар, кои не вработуваат над 50 вработени и немаат годишен обрт над 10 милиони €.

**-Задруги**

- Задруги регистрирани во Централен регистер согласно законот за задруги.

Доколку аплицирате како правно лице, треба да знете дека инвестициите во градба / реконструкција за туристички цели за сместување и / или ресторански услуги се ограничени на:

- **20** соби (50 гости)
- **30** сместувачки единици за сместување на отворено (90 гости)
- **150** гости за ресторански услуги

Исто така важно е да се напомене дека доколку аплицирате со фирма која е новоформирана, односно нема поднесено ниту една завршна сметка, можете да аплицирате за максимален поврат на средства од 100 000 евра.

Доколку пак аплицирате со фирма која има поднесено најмалку една завршна сметка тогаш максималниот поврат на средства може да биде **600 000 евра**.

Фирмите апликанти кои работат подолго од една година треба да покажат дека во изминатиот период работеле со добивка.

Ако аплицирате како физичко лице, во тој случај се намалуваат капацитетите за инвестициите во градба / реконструкција за туристички цели за сместување и / или ресторански услуги и се ограничени на:

- 10 соби (20 гости)
- 10 сместувачки единици за сместување на отворено (30 гости)
- 50 гости за ресторански услуги.

За земјиштето и/или објектите кои се предмет на инвестицијата барателот треба да докаже:

- Сопственост или
- Договор за закуп (најмалку 7 години од денот на поднесување на барањето);

### 3.3.1 Приоритетни сектори

**1. Алтернативно земјоделско производство:**

Одгледување на зајаци,

птици за месо,

полжави и

дивеч;

Одгледување на печурки и тартуфи;

производство на семенски и саден материјал;

пчеларството;

одгледување на растенија,

семиња, и други зачини и ароматични растенија;

насади на дрвја за дрвена граѓа и био-маса (брзо растечки дрва);

фарми за слатководна риба, итн

**2. Производствени капацитети за храна:**

мали фабрики за преработка на овошје и зеленчук,

пекари,

производство на мелнички производи,

производство на растителни и животински масла,

произвидство на шира, оцет и вино, итн

**3. Капацитети за преработка и производство,**

преработка на дрво и производстство на хартија,

стакло, козметика, паркет, мебел,

хемиски препарати пестициди и агрохемија, пакување, етикетирање, итн

**4. Сите регистрирани занаетчиски активности** согласно Правилникот за определување на дејности кои може да ги вршат занаетчиите.

**5. Услуги во рурални средини:**

ветеринарни амбуланти,

образовни и центри за обука,

механичарски работилници,

сервиси за поправка на апарати за домаќинство и електронски уреди,

фитнес салони, салони за нега и убавина,

домови за нега на стари лица, градинки и многу други услуги

**6. Рурален туризам**

Туристичко сместување, угостителски колиби и сместување на отворено, кампови,

соби за дегустација и продажба на храна и вино,

рурални музеи,

ботанички градини,

простори за семинари и обуки и рекреативни активности за туристите, итн

**7. Производство и продажба на обновливи извори на енергија:**

• Соларна енергија, ветер, вода, геотермална енергија;

• Преработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса, освен биомаса од рибни производи;

• Преработка на земјоделски производи за производство на био-гориво;

• Преработка на шумски биомаса.

### 3.3.2 Специфични критериуми

Инвестициите во градба/реконструкција за туристички цели во рурални средини мора да го следат традиционалниот стил на градба.

- Доколку барателот е физичко лице, инвестициите во градба/реконструкција за туристички цели за сместување и/или ресторански услуги се ограничени на:
- 10 соби (20 гости);

- 10 сместувачки единици за сместување на отворено (30 гости);
- 50 гости за ресторански услуги.

Доколку барателот е правно лице, инвестициите во градба/реконструкција за туристички цели за сместување и/или ресторански услуги се ограничени на:

- 20 соби (50 гости);
- 30 сместувачки единици за сместување на отворено (90 гости);
- 150 гости за ресторански услуги

### 3.3.3 ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ

- Градба/реконструкција на објекти и друг недвижен имот кој се користи за прифатливите економски активности;
- Набавка и/или инсталирање на нови машини и опрема поврзани со прифатлива економска активност;
- Набавка на наменски транспортни резервари и приколки;
- Набавка на повеќегодишни дрвја и растенија (со исклучок на семе, саден материјал и мицелиум);
- Набавка на нови машини и опрема за заштита на животната средина вклучувајќи опрема за производство на електрична енергија и/или греење со употреба на обновливи извори на енергија;

### 3.3.4 ВИСИНА НА ФИНАНСИСКА ПОДРШКА

Висината на финансиската поддршка изнесува **65%** од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата.

- Минимална вредност на вкупните прифатливи трошоци за инвестициски проект – **50.000 €.**
- Максимална вредност на вкупните прифатливи трошоци за инвестициски проект – **1.000.000 € .**

Проектот е финансиран од страна на Европската Унија

Прирачникот е изработен од страна на здружението Проагро Фармери Струмица и е дел од проектот “Жената фармер-лидер и пример за младите”. Овој проект е дел од шемата за суб-грантирање на Платформа за инвестиции во заедницата-ПИЗ, проект имплементиран од страна на Фондација Албиз со финансиска подршка од Европската Унија.

Содржината на овој прирачник е единствена одговорност на Проагро Фармери и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на донаторот.